З А К О Н
ЗА РЕВИЗИЈА
Редакциски пречистен текст [1]

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите за вршење на ревизија во правните лица кои вршат дејност во Република Северна Македонија.

Член 2

Одредбите на овој закон се однесуваат на законски и договорни ревизорски ангажмани кои се вршат во Република Северна Македонија.

Член 3

(1) За се што не е утврдено со овој закон се применуваат одредбите од Законот за трговски друштва во врска со вршењето на работите на ревизијата.

(2) За се што не е утврдено со овој закон во врска со водењето на управните постапки за издавање на лиценца за овластен ревизор, лиценца за работа на друштво за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка.

Дефиниции

Член 4

Одделни поими и кратенки употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Ревизија" е независно испитување на финансиските извештаи или консолидираните извештаи и на финансиските информации, со цел да се изрази мислење во врска со нивната вистинитост и непристрасност и нивната усогласеност со прифатената рамка за финансиско известување;

2. „Законска ревизија” е задолжително испитување, постапки, проверки и уверувања на годишната сметка и/или финансиските извештаи или консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи кои се вршат врз основа на закон во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за ревизија ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во “Службен весник на РМ” бр.158/10, Законот за дополнување на Законот за ревизија, објавен во “Службен весник на РМ” бр.135/11, Одлуката од Уставниот суд на РМ, У. бр. 209/2011 објавена во „Службен весник на РМ" бр.50/12, Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија, објавен во “Службен весник на РМ” бр.188/13, Законот за дополнување на Законот за ревизија, објавен во “Службен весник на РМ” бр.43/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија, објавен во “Службен весник на РМ” бр.138/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија, објавен во “Службен весник на РМ” бр.145/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија, објавен во “Службен весник на РМ” бр.192/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија, објавен во “Службен весник на РМ” бр.23/16, Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија, објавен во “Службен весник на РМ” бр.83/18, Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија, објавен во “Службен весник на РСМ” бр.122/21 и Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија, објавен во “Службен весник на РСМ” бр.148/26, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

на IFAC и други релевантни објави на IFAC прифатени и објавени во Република Северна Македонија со цел да се изрази мислење, заклучок или уверување во врска со нивната вистинитост и непристрасност и нивната усогласеност со прифатената рамка за финансиско известување;

3. „ Договорна ревизија" е незадолжително испитување, постапки, проверки и уверувања на годишната сметка, финансиските извештаи, консолидираната годишна сметка и на други финансиски информации, кои се вршат врз основа на договор во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија на IFAC и други релевантни објави на IFAC прифатени и објавени во Република Северна Македонија со цел да се изрази мислење, заклучок или уверување во врска со нивната вистинитост и непристрасност и нивната усогласеност со прифатената и друга рамка за финансиско известување;

4. "Субјект на ревизија" е правно лице чии финансиски извештаи се предмет на законска ревизија или договорна ревизија;

5 "Поврзани субјекти" се субјекти кои со субјектот на ревизија се поврзани со економски, финансиски или друг вид интерес;

6. " Ревизор" е физичко лице кое поседува уверение за ревизор издадено од Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија и кое е регистрирано во Регистарот на ревизори согласно овој закон.

7. „ Друштво за ревизија" е трговско друштво регистрирано согласно Законот за трговските друштва и кое има добиено лиценца за работа од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија и е регистрирано во Регистарот на друштва за ревизија согласно овој закон;

8. „Овластен ревизор-трговец поединец" е физичко лице регистрирано согласно Законот за трговските друштва и кое има добиено лиценца за овластен ревизор и лиценца за работа од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија и е регистрирано во Регистарот на овластени ревизори-трговци поединци согласно овој закон;

9. "Уверение за ревизор" е уверение кое го издава Институтот за овластени ревизори на Република Северна Македонија на лица кои го положиле испитот за ревизори;

10. "Лиценца за овластен ревизор" е лиценца која ја издава Советот за унапредување и надзор на ревизијата;

11. „ Овластен ревизор" е физичко лице кое има добиено лиценца за овластен ревизор издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија и е регистрирано во Регистарот на овластени ревизори согласно овој закон;

12. "Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија" е самостојно и независно регулаторно тело со јавни овластување;

13. "Доверливи информации" се информации кои се класифицирани со степен на тајност согласно со Законот за класифицирани информации од Институтот за овластени ревизори на Република Северна Македонија и министерот за финансии и како такви не и се достапни на јавноста;

14. „ Дисциплинска постапка " е постапка за утврдување одговорност на овластениот ревизор, друштвото за ревизија и/или овластениот ревизор-трговец поединец за повреда на овој закон, подзаконските акти кои произлегуваат од

него, актите на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, Меѓународните стандарди за ревизија на IFAC, Кодексот на етика на професионални сметководители на IFAC и други релевантни објави на IFAC објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија"

15. "Институт на овластени ревизори на Република Северна Македонија" е професионално коморско здружение на овластени ревизори;

16. „ Регистар на ревизори " е јавна книга која претставува електронска база на податоци која што содржи податоци и прилози (исправи и докази) за ревизорите за кои уписот е пропишан со овој закон;

17. „Регистар на овластени ревизори" е јавна книга која претставува електронска база на податоци која што содржи податоци и прилози (исправи и докази) за овластените ревизори за кои уписот е пропишан со овој закон;

18. „ Регистар на овластени ревизори-трговци поединци " е јавна книга која претставува единствена електронска база на податоци која што содржи податоци и прилози (исправи и докази) за овластените ревизори-трговци поединци за кои уписот е пропишан со овој закон;

19. „ Регистар на друштва за ревизија " е јавна книга која претставува електронска база на податоци која што содржи податоци и прилози (исправи и докази) за друштвата за ревизија за кои уписот е пропишан со овој закон;

20. „ Регистар на трајно одземени лиценци " е јавна книга која претставува електронска база на податоци која што содржи податоци и прилози (исправи и докази) за ревизорите, овластените ревизори, овластените ревизори-трговци поединци и друштвата за ревизија за кои уписот е пропишан со овој закон;

21. "IFAC" е Меѓународна федерација на сметководители;

22. „МСР" се Меѓународни стандарди за ревизија на IFAC и други релевантни објави на IFAC прифатени и објавени во Република Северна Македонија;

23. "МСФИ" се Меѓународни стандарди за финансиско известување;

24. „Правно лице од јавен интерес" е акционерско друштво кое котира на берза, акционерско друштво со посебни обврски за известување согласно Законот за хартии од вредност и трговско друштво кое со посебен закон е утврдено како правно лице од јавен интерес или за кое со посебен закон се бара ревизија согласно истите правила како за акционерските друштва кои котираат на берза;

25. „Групен ревизор" е друштво за ревизија или овластен ревизор -трговец поединец кое врши законска ревизија на консолидирани финансиски извештаи;

26. „Партнер" е овластен ревизор кој во согласност со внатрешната организација на друштвото за ревизија има одредени овластувања и одговорности за организацијата, управувањето и контролата на вршењето на ревизорските услуги и

27. "Одбор за ревизија" е орган на управување во правно лице од јавен интерес.

Член 5

Ревизија можат да вршат друштва за ревизија или овластен ревизор - трговец поединец под услови и на начин утврдени со овој закон и Законот за трговските друштва.

II. СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Статус на Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија

Член 6

(1) Заради унапредување и надзор над вршењето на ревизијата, Владата на Република Македонија на предлог на министерот за финансии основа Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Советот) како самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања утврдени во овој закон.

(2) Советот стекнува својство на правно лице со упис во Регистарот на други правни лица што се води во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(3) Седиштето на Советот е во Скопје.

(4) Советот за својата работа одговара пред Владата на Република Северна Македонија.

Статут на Советот

Член 7

(1) Советот донесува Статут на кој согласност дава Владата на Република Северна Македонија, со кој се уредува внатрешната организација, управувањето и раководењето, постапките за донесување на акти, начинот и условите за вработување во Советот, како и други прашања од значење за работењето на Советот.

(2) Подзаконските акти за чие донесување Советот е овластен со овој закон се објавуваат во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Работа на Советот

Член 8

(1) Советот ги врши следниве работи:

1) донесува статут, деловник за работа, годишна програма, финансиски план и годишен извештај;

2) донесува Тарифник за издавање на лиценца за овластен ревизор, лиценца за работа на друштва за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец;

3) издава и одзема лиценца за овластен ревизор, лиценца за работа на друштво за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец врз основа на правила и постапки пропишани од Советот;

4) иницира и учествува во контрола на друштвата за ревизија, овластените ревизори-трговци поединци и на овластените ревизори од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија;

5) дава согласност на Статутот и другите акти на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, ја следи нивната примена и му предлага на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија нивно изменување и дополнување;

6) го следи спроведувањето на годишната и тригодишната програма за контрола преку извештаите добиени согласно член 20-а став (5) на овој закон и преку учество во комисијата на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија надлежна за контрола;

7) го следи спроведувањето на годишните програми за полагање испит и за континуирано професионално усовршување на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија;

8) ја следи постапката што ја спроведува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија за признавање на квалификации за ревизор стекнати во странство;

9) врши надзор над Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија;

10) изрекува мерки на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори трговци-поединци, согласно овој закон и го пропишува начинот на утврдување на мерките;

11) дава насоки на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија за прашања за кои е надлежен согласно со овој закон;

12) ги проверува извештаите за транспарентност согласно со членот 35 од овој закон;

13) ја следи примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на него и врз таа основа му предлага на министерот за финансии изготвување на соодветни изменувања и дополнувања на истите;

14) воспоставува соработка со домашни, странски и меѓународни институции;

15) донесува процедури за соработка и размена на податоци со Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија;

16) донесува годишен план за вработување на државни службеници;

17) донесува годишен план на обуки за сите вработени;

18) одлучува за други прашања за вработените и

19) врши други работи утврдени со овој закон и Статутот.

(2) На актите од став (1) точки 1) и 2) на овој член согласност дава Владата на Република Северна Македонија.

(3) По добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија актите од став (1) точка 1) на овој член се објавуваат на веб страницата на Советот, а актот од став (1) точка 2) на овој член се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Советот.

Состав на Советот за унапредување и надзор на ревизијата

Член 9

(1) Советот го сочинуваат седум члена од кои еден е претседател.

(2) Владата на Република Северна Македонија ги именува претседателот и членовите на Советот. Претседателот на Советот го предлага министерот за финансии, а другите шест члена ги предлагаат следниве институции:

- еден претставник од Народната банка на Република Северна Македонија, вработен во Секторот за супервизија,
- еден претставник од Агенцијата за супервизија на осигурувањето,
- еден претставник од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија,
- еден претставник од редовите на големите трговски субјекти и
- двајца овластени ревизори предложени од Институтот.

(3) При именувањето на претседателот и членовите на Советот од ставот (2) на овој член да се почитува начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

(4) Претседателот раководи со Советот и го застапува во односите со трети лица.

(5) Мандатот на претседателот и членовите на Советот е пет години, со можност за повторен избор уште за еден мандат.

(6) Претседателот и членовите на Советот можат да бидат разрешени од страна на Владата на Република Северна Македонија и пред истекот на мандатот од ставот (5) на овој член, само во случај на исполнување на најмалку еден од условите утврдени во членот 12 од овој закон.

(7) Во случај на престанување на должноста на претседателот и членовите на Советот согласно со овој закон, пред истекот на мандатот, на негово место се именува друго лице со мандат до истекот на мандатот на членот на кој му престанува вршењето на должноста.

Услови за избор на членови на Советот

Член 10

(1) За претседател и член на Советот може да се избере лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има завршено високо образование од областа на економијата или правото,
- да не е вработен во Институтот за овластени ревизори на Република Северна Македонија и да не е член на ниедно извршно тело на истиот,
- да има најмалку пет години работно искуство во областа на сметководството, правото, ревизијата или финансиите,
- да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англиски јазик не постар од пет години:

1) ТОЕФЕЛ ИБТ – најмалку 74 бода;
2) ИЕЛТС (IELTS) – најмалку 6 бода;
3) ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) – најмалку Б2 (B2) ниво;
4) ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен;
5) БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода и
6) АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2) или да поседува сертификат и/или уверение со кои се потврдува познавањето на еден од четирите најчесто користени јазици во Европската Унија (англиски, француски, германски или италијански) на ниво Б2 (B2);

- да не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанството и службената должност и
- да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

(2) За претседател и член на Советот не може да се именува лице:

- кое е функционер кој раководи со државен орган или орган на државната управа и
- кое е носител на функција во органите на политичка партија и/или член на орган на надзор, орган на управување или било кој друг орган на правен субјект кој подлежи на законска ревизија.

(3) За именување на претседател на Советот се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) Претседателот и членовите на Советот се должни својата работа да ја вршат професионално и на начин на кој нема да ја доведат во прашање независноста и самостојноста на Советот.

(5) Каков било облик на влијание врз работата на Советот кој би можел да влијае врз независноста и самостојноста на Советот е забранет.

Права на претседателот, членовите на Советот и вработените

Член 11

(1) Претседателот на Советот е професионално ангажирано лице за што прима плата согласно со прописите за плати на именувани и избрани лица.

(2) Членовите на Советот имаат право на месечен надоместок кој се обезбедува од средствата на Советот утврдени со годишниот финансиски план.

(3) Административно-техничките работи поврзани со работењето на Советот ги врши стручна служба на Советот.

(4) Средствата за плата и додатоци на плата на претседателот и вработените во стручната служба на Советот, како и средствата за месечен надоместок на членовите на Советот се обезбедуваат од средствата на Советот утврдени во годишниот финансиски план.

Разрешување на членовите на Советот

Член 12

Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за финансии може пред истекот на мандатот за кој е именуван да го разреши претседателот или член на Советот, ако:

- тоа сам го побара,
- престане да ги исполнува условите од член 10 од овој закон;
- ја загуби работната способност,
- ја прекрши обврската за заштита на доверливите податоци од членот 37 на овој закон.
- неоправдано отсуствувал од три седници на Советот последователно или неоправдано отсуствувал вкупно од пет седници во текот на една година и
- при извршувањето на функцијата постапувал спротивно на закон,
- го нарушил угледот на институцијата,
- не презел соодветни активности за реализација на стратешките цели на Советот,
- со ревизорски извештај се утврдени состојби коишто се однесуваат на слабости во системот на внатрешните контроли на Советот со што се загрозува исполнувањето на стратешките цели на Советот и/или.

Надлежности на Советот

Членот 13 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија ("Службен весник на РМ" бр.138/14.)

Одлучување на Советот

Член 14

(1) Советот одлучува на седници.

(2) Советот може да донесува одлуки од негова надлежност доколку на седницата се присутни мнозинството од вкупниот број на членови.

(3) Одлуките на Советот се сметаат за донесени доколку за истите гласало мнозинство од присутните членови на седницата, со тоа што претседателот и членовите на Советот не можат да се воздржат од гласање.

Средства за работа на Советот

Член 15

Работењето на Советот се финансира од:

- Буџетот на Република Северна Македонија,
- 15% од вкупно остварените приходи на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија во претходната година.
- надомест од издавање на лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на друштва за ревизија, овластен ревизор - трговец поединец и на овластени ревизори и
- други приходи остварени во текот на работењето на Советот.

Овластување за изрекување на мерки на овластени ревизори

Член 16

(1) Советот со решение ги изрекува следните мерки:

1) времено одземање на лиценцата на овластениот ревизор, лиценцата за работа на друштво за ревизија и лиценцата за работа на овластен ревизор – трговец поединец и

2) трајно одземање на лиценцата на овластениот ревизор, лиценцата за работа на друштвото за ревизија или лиценцата за работа на овластениот ревизор – трговец поединец.

(2) Мерката од став (1) точка 1 на овој член Советот ја изрекува врз основа на мерките изречени од Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија согласно членовите 22-в и 22-ѓ од овој закон. Мерката се изрекува за истиот период за кој е изречена и дисциплинската мерка од Институтот.

(3) Мерката од став (1) точка 2 на овој член Советот ја изрекува ако:

1) лиценцата е издадена врз основа на неточни податоци;

2) повеќе не се исполнети условите од членовите 24 и 25 на овој закон;

3)претходно е изречена дисциплинска мерка трајно исклучување од членството на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија и

4) е покренатa стечајна постапка или се спроведува ликвидација на друштвото за ревизија или овластениот ревизор – трговец поединец.

(4) Начинот на утврдување на повредите и мерките од став (1) на овој член ги пропишува Советот.

(5) Мерките изречени од страна на Советот се објавуваат на веб страницата на Советот и на веб страницата на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија.

(6) Против решението на Советот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

(7) Решението со кое е изречена мерка од став (1) на овој член, Советот го доставува до Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија во рок од три дена од донесувањето на решението. Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија е должен наредниот ден од денот на добивање на решението за трајно одземање на лиценцата да го избрише овластениот ревизор, друштвото за ревизија или овластениот ревизор-трговец поединец од соодветниот регистар и да го запише во Регистарот на трајно одземени лиценци. Во случај на времено одземање на лиценца, Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија во соодветниот регистар забележува дека овластениот ревизор, друштвото за ревизија или овластениот ревизор-трговец поединец е неактивен поради времено одземање на лиценцата.

(8) Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, на писмено барање од овластениот ревизор, друштвото за ревизија или овластениот ревизор- трговец поединец за кој се однесувала мерката поднесено по истекот на периодот за кој е изречена мерката од став (1) точка 1) на овој член, од соодветниот регистар ја брише забелешката за неактивност. Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија е должен да го изврши бришењето во рок од три дена од поднесување на барањето.

(9) Мерките од став (1) на овој член трајно се евидентираат во соодветниот регистар.

(10) Начинот на забележување дека овластениот ревизор, друштвото за ревизија или овластениот ревизор-трговец поединец е неактивен, како и начинот на евидентирање на мерките од став (1) на овој член во соодветниот регистар ги пропишува Советот.

(11) Формата и содржината на барањето од став (8) на овој член и доказите што се приложуваат кон барањето ги пропишува Советот.

II-а. Права и обврски на вработените во Советот

Член 16-а

(1) Вработените во Стручната служба на Советот кои вршат работи од административна природа, имаат статус на административни службеници.

(2) За прашања кои се однесуваат на работниот однос на вработените од ставот (1) на овој член, кои не се уредени со овој закон и со колективен договор, се применуваат одредбите од Законот за административните службеници и општите прописи за работните односи.

(3) Вработените во Стручната служба на Советот кои вршат помошно-технички работи, имаат статус на помошно-технички персонал.

(4) На помошно-техничкиот персонал во Стручната служба на Советот ќе се применуваат општите прописи за работни односи.

Член 16-б

Начинот на утврдување на основната плата и на додатоците на плата на вработените во Стручната служба на Советот се уредува со колективен договор, а вредноста на бодот на основната плата ја утврдува Советот.

III. ПРОФЕСИОНАЛНО ЗДРУЖУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ - ИНСТИТУТ ЗА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Институт на овластени ревизори на Република Северна Македонија

Член 17

(1) Заради промовирање на високи професионални стандарди и за подобрување на квалитетот на ревизорските услуги овластените ревизори се здружуваат во Институт за овластени ревизори на Република Северна Македонија како професионално коморско здружување (во натамошниот текст: Институтот).

(2) Членови на Институтот се ревизори, овластени ревизори, друштва за ревизија и овластен ревизор - трговец поединец.

(3) Институтот има својство на правно лице.

(4) Седиштето на Институтот е во Скопје.

(5) Институтот стекнува статус на правно лице со упис во Регистарот на други правни лица што се води во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Органи на Институтот

Член 18

(1) Органи на Институтот се Собранието, Управниот одбор и претседателот.

(2) Собранието е највисок орган на Институтот и го сочинуваат сите членови.

(3) Заради вршење на работите од својот делокруг Институтот формира дисциплинска комисија, а може да формира и други постојани и времени комисии утврдени со Статутот на Институтот.

(4) Членовите на органите и комисиите се избираат од редот на членовите на Институтот.

(5) Организацијата, надлежноста, составот, начинот на избор, правата и должностите на органите и комисиите на Институтот се уредуваат со Статутот.

(6) Административно-техничките работи поврзани со работењето на Институтот ги врши стручна служба на Институтот.

Надлежности на Институтот

Член 19

(1) Институтот ги врши следниве работи:

1) води Регистар на ревизори, Регистар на овластени ревизори, Регистар на друштва за ревизија, Регистар на овластени ревизори-трговци поединци и Регистар на трајно одземени лиценци ;

2) донесува програма за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор и спроведува испит за стекнување на звањето ревизор;

3) издава уверение за ревизор;

4) ги разгледува и одлучува по барањата за признавање на квалификации за ревизор стекнати во странство, врз основа на правила и постапки пропишани од Институтот;

5) организира проверка на знаењето од областа на законската регулатива при признавање на квалификации за ревизор стекнати во странство;

6) организира и спроведува континуирано професионално усовршување;

7) ја следи примената на МСР и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори - трговци поединци;

8) ги промовира МСР и Кодексот на етика на професионални сметководители на IFAC;

9) ги преведува и ги објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" МСР, Меѓународните стандарди за контрола на квалитетот и Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC;

10) покренува дисциплинска постапка и изрекува мерки на членовите поради повреда на МСР, актите на Институтот и на Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC;

11) донесува тригодишна и годишна програма за контрола над членовите на Институтот;

12) спроведува контрола на квалитетот над членовите на Институтот;

13) го известува Советот за изречените мерки од спроведената контрола на друштвата за ревизија и/или овластените ревизори - трговци поединци и овластените ревизори;

14) донесува Тарифник за висината на чланаринатa и надоместоците што ги наплатува;

15) донесува Правилник за признавање на квалификации за ревизор стекнати во странство;

16) донесува Правилник за содржината на Регистарот на ревизори, Регистарот на овластени ревизори, Регистарот на друштва за ревизија, Регистарот на овластени ревизори-трговци поединци и Регистарот на трајно одземени лиценци;

17) донесува програма за обука на овластени ревизори кои спроведуваат контрола и издава сертификати за завршена обука;

18) презема активности согласно со насоките дадени од Советот кои се неопходни и соодветни за промовирање на високите професионални стандарди меѓу друштвата за ревизија и овластените ревизори и за подобрување на квалитетот на ревизорските услуги што тие ги нудат;

19) донесува годишна програма за работа најдоцна до 15 јануари во тековната година;

20) донесува годишен извештај за својата работа најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година;

21) донесува Правилник за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на Институтот;

22) формира дисциплинска и други комисии;

23) донесува годишен извештај за наодите од извршените контроли;

24) издава билтен и ги ажурира информациите објавени на веб страницата на Институтот и

25) врши други работи согласно со овој закон.

(2) На актите од став (1) точки 2), 11), 14), 15), 16), 17), 19), 20), 21) и 23) од овој член согласност дава Советот.

(3) Актите од став (2) на овој член се објавуваат на веб страницата на Институтот по добиената согласност од Советот.

Контрола на работењето на овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори-трговци поединци

Член 19-а

(1) Контрола на работењето на овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори-трговци поединци (во понатамошниот текст: субјект на контрола) врши Институтот во рамки на надлежностите утврдени со овој закон.

(2) Контролата од став (1) на овој член опфаќа најмалку:

1) верификација на исполнување на условите од членовите 24 и 25 на овој закон;

2) верификација на исполнување на условите за регистрирање во соодветните регистри;

3) следење и верификација на извештаите на субјектот на контрола што треба да ги доставува во согласност со овој закон и

4) контрола на квалитетот на целокупното работење на субјектот на контрола.

(3) Контролата од став (2) точки 1), 2) и 3) од овој член се спроведува преку континуирана проверка на документацијата што субјектот на контрола е должен да ја достави до Институтот согласно со овој закон.

(4) Контролата од став (2) точка 4) од овој член опфаќа најмалку:

1) проверка на системот за контрола на квалитет кај друштвата за ревизија и овластените ревизори-трговци поединци;

2) потврдување на независноста на овластениот ревизор од субјектот на ревизија;

3) потврдување на усогласеноста на ревизорските процедури со ревизорските правила и стандарди;

4) оценка на квалитетот во поглед на ангажирани ресурси и тоа: составот на тимот за ревизија и работните часови;

5) проверка на наплатениот надоместок за ревизија и

6) директна контрола на овластените ревизори преку проверка на целокупната ревизорска документација на најмалку еден субјект на ревизија во периодот од последната контрола.

(5) Контролата од став (2) точка 4) од овој член се спроведува најмалку еднаш на три години.

(6) Контролата од став (1) на овој член се врши според годишна Програма донесена од Институтот и/или на писмено барање на Советот.

(7) Доколку при спроведувањето на контролата од став (2) точка 1) на овој член се утврди дека субјектот на контрола не ги исполнува условите за добивање на лиценца утврдени со овој закон, Институтот за тоа го известува Советот во рок од пет дена.

(8) Институтот е должен на својата интернет страница да објави годишен извештај за вкупните резултати од контролата и преземените мерки, најдоцна четири месеци по спроведувањето на годишната Програма за контрола од ставот (6) на овој член.

Контрола на квалитет

Член 20

(1) Контролата од членот 19-а од овој закон ја спроведува лице вработено во Институтот.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член за спроведување на контролата од членот 19-а од овој закон мора да ги исполнува следниве услови:

1) да има лиценца за овластен ревизор;

2) да поседува сертификат за завршена обука за контрола издаден од Институтот не постар од три години[2];

3) најмалку три години пред почетокот на контролата лицето престанало да биде партнер или вработен во друштвото за ревизија или во овластениот ревизор-трговец поединец-субјект на контрола или на друг начин е поврзан со субјектот на контрола;

4) да е независно и да нема конфликт на интереси со субјектот на контрола. Во однос на независноста и постоењето конфликт на интереси соодветно се применуваат одредбите од членот 31 од овој закон и

5) пред почетокот на контролата да даде писмена изјава дека не постои конфликт на интерес меѓу него и субјектот на контрола во смисла на ставот (2) точка 4) на овој член.

(3) Доколку е потребно, по претходна согласност на Управниот одбор на Институтот, покрај лицето од ставот (1) на овој член, во контролата можат да бидат вклучени и проценители и/или други домашни и странски експерти.

(4) Во случај кога контролата се врши на барање на Советот, назначувањето на лицата од ставовите (1) и (3) на овој член се врши по претходна согласност од претседателот на Советот и во контролата учествува и вработен во стручната служба на Советот, кој дава писмена изјава согласно со ставот (2) точка 5) на овој член.

(5) Формата и содржината на образецот на писмената изјава од ставот (2) точка 5) на овој член ги пропишува Советот.

Член 20-а

(1) Датумот на отпочнување на контролата го определува Институтот и за тоа ги известува лицата од член 20 ставови (1), (3) и (4) на овој закон најмалку 30 дена пред денот на отпочнување на контролата и субјектите на контрола најмалку осум дена пред денот на отпочнување на контролата.

(2) Субјектот на контрола е должен на лицата од член 20 ставови (1), (3) и (4) на овој закон да им обезбеди:

1) непречен пристап до деловните простории,

2) просторија за непречено вршење на контролата,

3) целокупната документација потребна за спроведување на контролата, а доколку е потребно и копии од истата и

4) лице кое доколку е потребно, ќе дава потребни објаснувања.

---

[2] Одредбите на членот 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија, ("Службен весник на РМ" бр.83/18), со кои се менува членот 20 став (2) точка 2), ќе започнат да се применуваат две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) За извршената контрола лицето од член 20 став (1) на овој закон подготвува извештај во кој се наведуваат сите идентификувани недостатоци, неправилности и незаконитости и се даваат препораки за начинот и рокот за нивно отстранување.

(4) Извештајот од став (3) на овој член се доставува до субјектот на контрола кој има право на приговор во рок од пет дена од денот на приемот на извештајот. Управниот одбор на Институтот одлучува по приговорот во рок од пет дена од денот на приемот.

(5) По истекот на роковите од став (4) на овој член, Институтот го доставува извештајот до Советот.

(6) Субјектот на контрола е должен во рок од три дена од истекот на рокот утврден во извештајот од став (4) на овој член до Институтот и до Советот да достави извештај за реализација на препораките и отстранување на идентификувани недостатоци, неправилности и незаконитости.

Известување за можни повреди

Член 21

Во случај кога постои сомневање кај вработен во Институтот за можна повреда на овој закон, МСР, Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и актите на Институтот, тоа лице е должно да го извести Советот за таквата можна повреда.

Дисциплинска постапка

Член 22

(1) Институтот, врз основа на извештајот за извршена контрола од член 20-а став (3) на овој закон, на овластениот ревизор, друштвото за ревизија или овластениот ревизор-трговец поединец кои не постапуваат во согласност со одредбите од овој закон, МСР, Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и актите на Институтот им покренува дисциплинска постапка.

(2) Дисциплинска постапка води дисциплинска комисија составена од пет члена – овластени ревизори членови на Институтот со мандат од две години.

3) Институтот на овластениот ревизор, друштвото за ревизија и на овластениот ревизор трговец -поединец може да им ги изрече следните дисциплински мерки:

- јавна опомена;
- парична казна;
- времено исклучување од членството во Институтот и
- трајно исклучување од членството во Институтот.

(4) Начинот за утврдување на повредите и изрекување на дисциплинските мерки од став (3) на овој член ги пропишува Институтот.

(5) Сите дисциплински мерки преземени од страна на Институтот се објавуваат на веб страницата и во билтенот на Институтот и се евидентираат во соодветниот регистар.

(6) Институтот за изречените дисциплински мерки задолжително го известува Советот во рок од еден ден од денот на изрекување на мерката.

Член 22-а

(1) Дисциплинската мерка јавна опомена му се изрекува на овластениот ревизор ако:

1) не ја плати членаринаta во Институтот во утврдениот рок;

2) одбива или несовесно ги исполнува обврските определени со Статутот и актите на Институтот;

3) не постапи согласно член 20-а став (2) на овој закон и

4) со своето однесување го нарушува угледот на ревизорската професија.

(2) Дисциплинската мерка од став (1) на овој член се брише од соодветниот регистар на Институтот по истекот на една година од престанокот на мерката.

Член 22-б

(1) Дисциплинската мерка парична казна во висина до три просечни месечни нето плати исплатени по вработен во Република Северна Македонија за месецот во кој е изречена дисциплинската мерка, ќе му се изрече на овластениот ревизор кој ќе ја повтори повредата за која претходно му била изречена мерката јавна опомена.

(2) Дисциплинската мерка од став (1) на овој член се брише од соодветниот регистар на Институтот по истекот на две години од престанокот на мерката.

Член 22-в

(1) Дисциплинската мерка времено исклучување од членството во Институтот со времено бришење од регистарот во траење до три години, односно за периодот додека траат правните последици на судската пресуда, односно додека трае забраната за вршење на професија или дејност, ќе му се изрече на овластениот ревизор ако:

1) не го извести Институтот за сите промени во врска со податоците содржани во соодветниот регистар согласно овој закон;

2) во период од три месеци од изречената опомена не ја плати годишната членарина во Институтот;

3) не ја почитува обврската за континуирано професионално усовршување согласно овој закон;

4) предизвика материјална штета на субјектот каде е вработен при вршењето на работи на ревизија и

5) е осуден со правосилна судска пресуда во врска со работењето, односно му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на професија или дејност.

(2) Дисциплинската мерка од став (1) на овој член се брише од соодветниот регистар на Институтот по истекот на три години од престанокот на мерката.

Член 22-г

(1) Дисциплинската мерка трајно исклучување од членството со трајно бришење од регистарот во Институтот ќе му се изрече на овластениот ревизор ако:

1) не постапува или постапува спротивно на стандардите за ревизија и актите на Институтот со што сериозно се загрозува објективноста на ревизијата;

2) врши работи на ревизија спротивно на овој закон, МСР, Кодексот на етика за професионални сметководители и актите на Институтот;

3) дава невистинити податоци за упис во соодветниот регистар;

4) ја прекршува должноста за заштита на доверливите податоци;

5) врши работи на ревизија за времетраењето на времето исклучување од членството во Институтот или на друг начин ја избегнува мерката времено одземање на правото за вршење на работи на ревизија,

6) дал некомплетна или невистинита писмена изјава, согласно со членот 20 став (2) точка 5) од овој закон и

7) трајно му е одземена лиценцата.

(2) Овластениот ревизор на кој му е изречена мерката од став (1) на овој член трајно се брише од Регистарот на овластени ревизори.

Член 22-д

(1) Дисциплинската мерка јавна опомена Институтот ќе му изрече на друштвото за ревизија, односно на овластениот ревизор -трговец поединец ако:

1) на Институтот не ги доставуваат податоците и извештаите кои се должни да му ги достават согласно овој закон;

2) во утврдениот рок не ја плати годишната чланарина во Институтот и

3) овластените ревизори кои се вработени кај него ги спречува да ја посетуваат обуката за континуирано професионално усовршување.

(2) Дисциплинската мерка од став (1) на овој член се брише од соодветниот регистар на Институтот по истекот на една година од престанокот на мерката.

Член 22-ѓ

(1) Дисциплинската мерка времено исклучување од членството во Институтот во траење до три години, односно за периодот додека трае забраната за вршење на професија или дејност, ќе му се изрече на друштвото за ревизија односно на овластениот ревизор -трговец поединец ако:

1) не постапи по препораките дадени во извештајот од контрола;

2) не го достави до Институтот извештајот за преземените мерки согласно член 20-а став (6) на овој закон;

3) не постапува во согласност со утврдените ревизорски правила за вршење на ревизијата и утврдените квантитативни и квалитативни критериуми за човечките ресурси и другите средства ангажирани при вршењето на ревизијата;

4) не постапи согласно член 20-а став (2) на овој закон;

5) му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија или дејност и

6) времено му се одземе лиценцата.

(2) Дисциплинската мерка од став (1) на овој член се брише од соодветниот регистар на Институтот по истекот на три години од престанокот на мерката.

Член 22-е

Дисциплинската мерка трајно исклучување од членството во Институтот ќе му се изрече на друштвото за ревизија односно на овластениот ревизор-трговец поединец ако:

1) без оправдани причини не соработува и не ги доставува потребните податоци и извештаи до надлежните органи;

2) со правосилна пресуда е утврдено дека е издаден незаконски ревизорски извештај;

3) врши работи на ревизија за времетраењето на времената исклучување од членството во Институтот или на друг начин ја избегнува мерката времено одземање на правото за вршење на работи на ревизија;

4) не ја чува целокупната документацијата од извршената ревизија согласно член 33 став (7) на овој закон и

5) трајно му се одземе лиценцата.

(2) Друштвото за ревизија односно на овластениот ревизор-трговец поединец на кој му е изречена мерката од став (1) на овој член трајно се брише од соодветниот регистар.

IV. УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР, ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА И ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР-ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ

Лиценца за овластени ревизори

Член 23

(1) Лиценца за овластен ревизор му се издава на лице кое стекнало уверение за ревизор и има најмалку три години искуство на работи на ревизија од кои две години под надзор на овластен ревизор.

(2) Лице кое нема статус на овластен ревизор и кое не е член на Институтот не може да врши ревизија во Република Северна Македонија, или да се претставува како овластен ревизор или да користи каква било ознака или опис кои ќе создадат впечаток дека лицето е овластен ревизор.

(3) Лицето кое сака да се стекне со лиценца за овластен ревизор поднесува до Советот барање на образец.

(4) Кон барањето од став (3) на овој член се доставува:

1) уверение за ревизор;

2) потврда од работодавач за најмалку три години работно искуство во друштво за ревизија од областа на ревизијата од кои најмалку две под надзор на овластен ревизор и

3) доказ за уплата на надоместок за издавање на лиценцата.

(5) Овластеното службено лице од Советот кое ја води постапката за издавање на лиценца за овластен ревизор е должно документот од ставот (4) точка 1) на овој член по службена должност да го побара од Институтот во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(6) Овластеното службено лице од Институтот од кого е побаран документот е должно истиот да го достави до Советот во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (5) на овој член.

(7) Документите од став (4) на овој член се доставуваат во оригинал или копија заверена на нотар.

(8) Советот е должен во рок од 15 дена од приемот на барањето со решение да одлучи по барањето за издавање на лиценца.

(9) Против решението од став (8) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

(10) Формата и содржината на образецот на барањето од став (3) и лиценцата од став (8) на овој член ги пропишува Советот.

Лиценца за работа на друштво за ревизија

Член 24

(1) Лиценца за работа на друштвото за ревизија се издава на друштво кое ги исполнува следниве услови:

1) има вработено најмалку двајца овластени ревизори на неопределено работно време;

2) мнозинството акции или удели со право на глас во друштвото за ревизија е во сопственост на еден или повеќе овластени ревизори,

3) мнозинството, но не повеќе од 75% од членовите на органот на управување мора да бидат ревизорски друштва или овластени ревизори. Кога органот на управување нема повеќе од двајца членови, еден од нив мора да биде ревизорско друштво или овластен ревизор и

4) има годишно осигурување од одговорност од штета предизвикана на трети лица при вршење на професионална дејност - работи на ревизија, и тоа:

- минимална сума за покривање по штетен настан од 30.000 евра во денарска противвредност за субјект на ревизија кој во претходната деловна година остварил приход до 3.000.000 евра во денарска противвредност;
- минимална сума за покривање по штетен настан од 60.000 евра во денарска противвредност за субјект на ревизија кој во претходната деловна година остварил приход од 3.000.001 до 10.000.000 евра во денарска противвредност;
- минимална сума за покривање по штетен настан од 120.000 евра во денарска противвредност за субјект на ревизија кој во претходната деловна година остварил приход од 10.000.001 до 25.000.000 евра во денарска противвредност;
- минимална сума за покривање по штетен настан од 250.000 евра во денарска противвредност за субјект на ревизија кој во претходната деловна година остварил приход од 25.000.001 до 100.000.000 евра во денарска противвредност и
- минимална сума за покривање по штетен настан од 400.000 евра во денарска противвредност за субјект на ревизија кој во претходната деловна година остварил приход над 100.000.001 евра во денарска противвредност.

(2) За добивање лиценца за работа, друштвото за ревизија поднесува до Советот барање на пропишан образец потпишан од овластеното лице на друштвото за ревизија.

(3) Кон барањето од став (2) на овој член се доставуваат следниве документи:

1) решение за упис на друштвото за ревизија во Трговскиот регистар кај Централниот регистар на Република Северна Македонија;

2) список на лица вработени на неопределено време како овластени ревизори со регистарски број под кој се запишани во соодветниот регистар кај Институтот;

3) лиценца за овластен ревизор за ревизорите кои се основачи на друштвото и оние кои се вработени;

4) потврда од Централен регистар на Република Северна Македонија дека мнозинството со право на глас во друштвото за ревизија е во сопственост на овластени ревизори;

5) потврда од Централен регистар на Република Северна Македонија дека друштвото не е евидентирано во Регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење на одделна дејност;

6) потврда од Централниот регистар на Република Северна Македонија дека друштвото не е евидентирано во Регистарот на споредни казни за сторени кривични дела на правни лица кај Централниот регистар на Република Северна Македонија;

7) доказ за осигурување од одговорност од штета согласно став (1) точка 4) на овој член и

8) доказ за уплата на надоместок за издавање на лиценцата.

(4) Овластеното службено лице од Советот кое ја води постапката за издавање на лиценца за работа на друштво за ревизија е должно документите од ставот (3) точки 1), 4), 5) и 6) на овој член по службена должност да ги побара од Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(5) Овластеното службено лице од Централниот регистар на Република Северна Македонија од кого се побарани документите е должно истите да ги достави до Советот во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (4) на овој член.

(6) Документот од ставот (3) точка 3) на овој член се обезбедува од евиденција на Советот.

(7) Овластениот ревизор вработен во друштво за ревизија не може да се јави како основач на друго друштво за ревизија ниту да се вработи кај друго друштво за ревизија или кај овластен ревизор – трговец поединец.

(8) Документите од став (3) на овој член се доставуваат во оригинал или копија заверена на нотар.

(9) Советот е должен во рок од 30 дена од приемот на барањето со решение да одлучи по барањето за издавање на лиценца.

(10) Против решението од став (9) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

(11) Формата и содржината на образецот на барањето од став (2) на овој член и лиценцата од став (9) на овој член ги пропишува Советот.

Лиценца за работа на овластен ревизор -трговец поединец

Член 25

(1) Лиценца за работа на овластен ревизор – трговец поединец му се издава под услов да поседува лиценца за овластен ревизор.

(2) Лиценца за работа на овластен ревизор- трговец поединец му се издава ако ги исполнува следниве услови:

1) поседува лиценца за овластен ревизор;

2) не е вработен или на било кој друг начин поврзан со друг работодавец освен со друштвото за ревизија и

3) има годишно осигурување од одговорност од штета предизвикана на трети лица при вршење на професионална дејност - работи на ревизија и тоа:

- минимална сума за покривање по штетен настан од 30.000 евра во денарска противвредност за субјект на ревизија кој во претходната деловна година остварил приход до 3.000.000 евра во денарска противвредност;
- минимална сума за покривање по штетен настан од 60.000 евра во денарска противвредност за субјект на ревизија кој во претходната деловна година остварил приход од 3.000.001 до 10.000.000 евра во денарска противвредност;

- минимална сума за покривање по штетен настан од 120.000 евра во денарска противвредност за субјект на ревизија кој во претходната деловна година остварил приход од 10.000.001 до 25.000.000 евра во денарска противвредност;

- минимална сума за покривање по штетен настан од 250.000 евра во денарска противвредност за субјект на ревизија кој во претходната деловна година остварил приход од 25.000.001 до 100.000.000 евра во денарска противвредност и

- минимална сума за покривање по штетен настан од 400.000 евра во денарска противвредност за субјект на ревизија кој во претходната деловна година остварил приход над 100.000.001 евра во денарска противвредност.

(3) Овластен ревизор запишан во трговскиот регистар како овластен ревизор - трговец поединец не може да се јави како основач на друштво за ревизија и да се вработи кај друг овластен ревизор - трговец поединец или друштво за ревизија.

(4) За добивање лиценца за работа, трговецот-поединец поднесува до Советот барање на пропишан образец потпишан од овластеното лице на трговецот поединец.

(5) Кон барањето од став (4) на овој член се доставува:

1) уверение за ревизор издадено на име на подносителот на барањето;

2) лиценца за овластен ревизор издадена на име на подносителот на барањето;

3) решение за упис во Трговскиот регистар кај Централниот регистар на Република Северна Македонија;

4) доказ дека овластениот ревизор подносител на барањето е вработен;

5) потврда од Централен регистар на Република Северна Македонија дека не е евидентиран во Регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење на одделна дејност;

6) потврда од Централниот регистар на Република Северна Македонија дека не е евидентиран во Регистарот на споредни казни за сторени кривични дела на правни лица кај Централниот регистар на Република Северна Македонија;

7) доказ за осигурување од одговорност од штета согласно став (2) точка 3) на овој член и

8) доказ за уплата на надоместок за издавање на лиценцата.

(6) Овластеното службено лице од Советот кое ја води постапката за издавање на лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец е должно документите од ставот (5) точки 1), 3), 4), 5) и 6) на овој член по службена должност да ги побара од Институтот и другите јавни надлежни органи во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(7) Овластените службени лица од Институтот и од другите јавни надлежни органи од кои се побарани документите се должни истите да ги достават до Советот во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (6) на овој член.

(8) Документот од ставот (5) точка 2) на овој член се обезбедуваат од сопствената евиденција на Советот.

(9) Документите од став (5) на овој член се доставуваат во оригинал или копија заверена на нотар.

(10) Советот е должен во рок од 30 дена од приемот на барањето со решение да одлучи по барањето за издавање на лиценца.

(11) Против решението од став (10) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

(12) Формата и содржината на образецот на барањето од став (4) на овој член и на лиценцата од став (10) на овој член ги пропишува Советот.

Член 25-а

Лиценцата за овластен ревизор, друштво за ревизија и за овластен ревизор - трговец поединец се издаваат на неопределено време.

Член 25-б

Друштвото за ревизија и овластениот ревизор-трговец поединец се должни најдоцна до 31 јануари во тековната година до Институтот и до Советот да достави список на вработени овластени ревизори со регистарски број под кој се запишани во Регистарот на овластени ревизори и доказ за годишно осигурување од одговорност од штета при вршење на професионална дејност во износите утврдени во член 24 став (1) точка 4) и член 25 став (2) точка 3) на овој закон.

IV-а. УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ ЗА РЕВИЗОР И КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ

Услови и постапка за стекнување на звање ревизор

Член 26

(1) Лицето кое сака да стане ревизор поднесува писмено барање до Институтот за полагање на испит за стекнување на звање ревизор.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член мора да содржи докази дека лицето ги исполнува условите од членот 27 на овој закон.

(3) Полагањето на испитот за стекнување на звањето ревизор се спроведува според Програма која ја донесува Институтот, а за која Советот дава согласност.

(4) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член го пропишува Советот.

Член 27

(1) За полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор лицето треба да ги исполнува следниве услови:

1) да има завршено четиригодишно високо образование VII/1 или студирал според Болоњската декларација и има 240 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) од областа на економските, правните науки или друго соодветно образование;

2) да го познава македонскиот јазик;

3) да не е осудуван со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата во врска со работењето и тоа за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надрисарство од Кривичниот законик.

4) да не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност.

(2) На кандидатите кои го положиле стручниот испит им се издава уверение за ревизор.

(3) Уверението од ставот (2) на овој член се издава во рок од 15 дена од денот на завршување на стручниот испит.

(4) Формата и содржината на уверението од ставот (2) на овој член ја пропишува Институтот.

Член 27-а

(1) Полагањето на испитот за стекнување на звањето ревизор се спроведува според Програма за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор која ја донесува Институтот, а за која Советот дава согласност.

(2) Со програмата од ставот (1) на овој член се пропишуваат предметите, градивото, прописите и литературата за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор.

(3) Предметите од програмата од ставот (1) на овој член треба да ги опфати следниве области:

1) општа сметководствена теорија и основни сметководствени принципи;

2) законска рамка во врска со подготовката на годишни сметки и финансиски извештаи и на консолидирани годишни сметки и финансиски извештаи;

3) меѓународни стандарди за финансиско известување;

4) финансиска анализа;

5) сметководство на трошоци и управувачко сметководство;

6) управување со ризик и внатрешна контрола;

7) ревизија и професионални вештини;

8) меѓународни стандарди на ревизија;

9) професионална етика и независност и

10) законска рамка и професионални стандарди во врска со вршењето на ревизијата.

(4) Освен областите од ставот (3) на овој член, програмата од ставот (1) на овој член треба да ги опфати и следниве области во делот кој се однесува на ревизијата:

1) право на трговските друштва и корпоративно управување;

2) стечајни и слични правни постапки;

3) трудово право;

4) даночен систем;

5) граѓанско право и деловно право;

6) информатичка технологија и компјутерски системи;

7) деловна, општа и финансиска економија;

8) финансиска математика и статистика и

9)основните принципи на финансиски менаџмент и управување на трговските друштва.

(5) Испитот за стекнување на звањето ревизор се полага пред испитна комисија формирана од Институтот. Испитната комисија се состои од пет члена од кои претседателот на Комисијата е претставник од Советот и четири члена кои се овластени ревизори.

(6) Начинот на спроведување на испитот за стекнување на звањето ревизор поблиску ги пропишува Институтот, по претходна согласност од Советот.

Член 27-б

(1) Институтот може да спроведе обука за секој предмет од програмата од членот 27-а став (1) од овој закон, доколку постои интерес од страна на кандидатите.

(2) Обуката од ставот (1) на овој член ја спроведуваат едукатори ангажирани од Институтот. Едукатор може да биде лице кое има завршено четиригодишно високо образование (VII/1 степен) или завршени студии со 240 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) и работно искуство од десет години од соодветната област за која ќе држи предавања. Во спроведувањето на обуката може да учествуваат и признати стручњаци од праксата од земјата и од странство.

(3) Начинот на спроведување на обуката од ставот (1) на овој член ги пропишува Институтот, по претходна согласност од Советот.

Член 27-в

(1) За обуката од членот 27-б од овој закон и за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор од членот 26 од овој закон, кандидатот плаќа надоместок.

(2) Висината на надоместокот ја утврдува Институтот по претходна согласност од Советот.

(3) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член се определува врз основа на реално направените трошоци за обука и полагање на стручниот испит, изготвување на материјали и уверенија.

Членовите 27-г, 27-д, 27-ѓ, 27-е, 27-ж, 27-з, 27-ѕ, 27-и, 27-ј, 27-к, 27-л, 27-љ, 27-м, 27-н, 27-њ, 27-о, 27-п, 27-р, 27-с, 27-т, 27-ќ и 27-у се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија, ("Службен весник на РМ" бр.83/18).

Континуирано професионално усовршување

Член 28

(1) Овластениот ревизор е должен да посетува обука од најмалку 120 часа за период од три години, односно да посетува обука од најмалку 30 часа годишно во рамките на континуирано професионално усовршување заради надградување на знаењето во областа на сметководството и ревизијата.

(2) Обуката може да биде организирана од Институтот или од друга акредитирана релевантна институција во странство.

(3) На овластениот ревизор кој нема да ги посетува обуките или нема да обезбеди доказ за завршени обуки од ставот (1) на овој член, Советот со решение му ја одзема лиценцата за овластен ревизор, по предлог на Институтот.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Одобрување на квалификација за ревизор стекната во странство

Член 29

(1) Барањата за одобрување на квалификација за ревизор стекната во странство се прифаќаат од Институтот ако се исполнети следниве услови:

1) квалификацијата на лицето да е со стандарди не пониски од стандардите што се бараат со овој закон, за едно лице да се квалификува како ревизор и

2) барателот успешно да ги положи испитите спроведени од Институтот со кои се обезбедува дека тоа лице има адекватно знаење од областа на законската регулатива во Република Македонија релевантна за вршење ревизија.

(2) Согласно правилата и постапката за одобрување на квалификација на ревизор стекната во странство, кандидатот барањето и придружната документација ги поднесува до Институтот кој одобрува полагање на определени испити утврдени со актите на Институтот.

(3) По положувањето на определените испити кандидатот добива уверение за ревизор и стекнува право да поднесе барање до Советот за добивање лиценца за овластен ревизор, доколку ги исполнува условите од членот 23 на овој закон.

Регистри

Член 30

(1) Институтот води Регистар на ревизори, Регистар на овластени ревизори, Регистар на друштва за ревизија, Регистар на овластени ревизори - трговци поединци и Регистар на трајно одземени лиценци

(2) Регистарот на ревизори содржи:

1) име, презиме, адреса и регистарски број на ревизорот;

2) назив и седиште на друштвото каде што е вработен ревизорот и

3) број на издаденото уверение за ревизор.

(3) Регистарот на овластени ревизори особено ги содржи следниве податоци:

1) име и презиме, адреса и регистарски број на овластениот ревизор;

2) назив и седиште на друштвото за ревизија во кое е вработен овластениот ревизор;

3) број на издадена лиценца на овластениот ревизор и

4) изречени дисциплински мерки и мерки изречени од Советот.

(4) Регистарот на друштвата за ревизија односно на овластените ревизори - трговци поединци особено ги содржи следниве податоци:

1) име, седиште и регистарски број на друштвото за ревизија односно на овластениот ревизор-трговец поединец;

2) име, презиме и адреса на овластените ревизори кои се вработени во друштвото за ревизија, односно кај овластениот ревизор -трговец поединец;

3) име и презиме и адреса на основачите на друштвото за ревизија;

4) име и презиме и регистарски број на сите овластени ревизори кои се вработени или поврзани како партнери или на друг начин со друштвото за ревизија, односно со овластениот ревизор-трговец поединец;

5) правна форма на друштвото;

6) број на издадена лиценца за работа на друштвото за ревизија, односно на овластениот ревизор - трговец поединец;

7) изречени дисциплински мерки и мерки изречени од Советот и

8) веб страница.

(5) Регистарот на трајно одземени лиценци особено ги содржи следниве податоци:

1) регистарски број на овластениот ревизор, друштвото за ревизија односно на овластениот ревизор-трговец поединец;

2) податоци за носителот на лиценцата и тоа: име и презиме и адреса на овластениот ревизор односно име и седиште на друштвото за ревизија односно на овластениот ревизор-трговец поединец и

3) број и датум на решение за одземање на лиценцата.

(6) Институтот податоците од регистрите од став (1) на овој член ги води електронски и ги става на располагање на јавноста на веб страницата на Институтот и во билтенот на Институтот.

(7) Освен податоците наведени во соодветните регистри од ставовите (3) и (4) на овој член, регистрите треба да го содржат и името и адресата на надлежниот орган кој ја издал лиценцата.

(8) Ревизорот, овластениот ревизор, друштвото за ревизија и овластениот ревизор-трговец поединец, се должни во рок од пет дена од настанување на промената да го известат Институтот за сите промени во врска со податоците содржани во соодветниот регистар, а Институтот е должен веднаш по приемот на известувањето да го ажурира соодветниот регистар.

(9) Податоците содржани во регистрите од ставовите (3) и (4) на овој член кои се доставуваат до Институтот ги потпишува овластениот ревизор или овластеното лице на друштвото за ревизија односно на овластениот ревизор - трговец поединец .

(10) Начинот на водење и формата на регистрите од став (1) на овој член ги пропишува Институтот.

Конфликт на интереси и повреда или нарушување на независноста

Член 31

(1) Овластениот ревизор, друштвото за ревизија односно овластениот ревизор - трговец поединец е независен и самостоен во вршењето на работата на ревизијата во рамките на овластувањата утврдени со овој закон, а во согласност со МСР и Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC.

(2) Сопствениците на друштвото за ревизија и членовите на Управниот и Надзорниот орган не смеат да влијаат на вршењето на ревизијата на начин што ќе ја ограничат независноста и објективноста на овластениот ревизор кој во име на друштвото за ревизија ја врши ревизијата.

(3) Овластениот ревизор, овластениот ревизор- трговец поединец односно друштвото за ревизија кое е назначено за законски ревизор на субјектот на ревизија има обврска да изврши ревизија со професионален интегритет и независност. Во случај на повреда на која било одредба од ставот (4) на овој член, извршената ревизија на субјектот на ревизијата е неважечка.

(4) Ревизија не може да врши:

1) овластен ревизор, друштво за ревизија, односно овластен ревизор- трговец поединец кој/кое поседува 3% или повеќе од акционерската или сопственичката главнина на субјектот кај кој се врши ревизија;

2) овластен ревизор, друштво за ревизија односно овластен ревизор- трговец поединец, кај субјект на ревизија кој е акционер, вложувач на средства или основач на тоа друштво за ревизија;

3) овластен ревизор кој во субјектот кај кој се врши ревизијата и во годината чии финансиски извештаи се предмет на ревизија, бил законски застапник, член на орган на управување, односно надзор на тој субјект или учествувал во водењето на неговите деловни книги и изготвувањето на финансиските и даночните извештаи;

4) овластен ревизор кој е во брачна врска, директно сродство или индиректно сродство до второ колено, или е поврзан со посвојување, старателство или туторство со овластениот застапник или членот на органот на управување и надзор на субјектот кај кој се врши ревизијата;

5) овластен ревизор кој е партнер, вработен или службеник на субјектот кај кој се врши ревизијата;

6) овластен ревизор, друштво за ревизија, односно овластен ревизор- трговец поединец кој/кое има директна или индиректна деловна врска, финансиски интерес во обезбедување на неревизорски услуги помеѓу овластениот ревизор, друштво за ревизија, овластен ревизор -трговец поединец или поврзаните субјекти и субјектот кај кој се врши ревизијата или кој било од неговите вработени, членови на орган на управување и надзор или акционери и укажува на закана за независноста на ревизорот и

7) овластен ревизор, друштво за ревизија односно овластен ревизор-трговецпоединец кој/ кое прифаќа процена за цели на финансиско известување од поврзана страна.

(5) Доколку при вршење на ревизијата независноста на овластениот ревизор, овластениот ревизор трговец поединец или друштвото за ревизија е под влијание на закани, контрола над сопствените услуги на овластениот ревизор (саморевидирање), личниот интерес, застапување, блискост, доверба или заплашување, овластениот ревизор, овластениот ревизор трговец поединец или друштвото за ревизија треба да применат заштитни мерки за да ги ублажат овие закани. Ако степенот на закана, во споредба со применетите мерки и понатаму претставува закана за независноста на овластениот ревизор, овластениот ревизор трговец поединец или друштвото за ревизија, истите нема да ја вршат ревизијата.

(6) Во случај на вршење на контрола над сопствените услуги или личниот интерес на овластениот ревизор при вршењето на ревизијата кај правните лица од јавен интерес, ако е неопходно со цел да се обезбеди заштита на независноста на овластениот ревизор односно друштвото за ревизија, ревизорот не смее да врши такви активности.

(7) Друштвото за ревизија односно овластениот ревизор- трговец поединец додека врши ревизија кај субјектот на ревизија, во исто време не смее за субјектот да ги обезбедува следниве услуги:

1) сметководствени или други услуги поврзани со сметководствената евиденција, годишните сметки или годишните консолидирани сметки на субјектот кај кој се врши ревизија;

2) изготвување и имплементација на финансиски информациски системи;

3) услуги на внатрешна ревизија како надворешен изведувач;

4) учество во економски интерес, директно или индиректно, во субјект или каков било поврзан субјект за кој тој бил ангажиран да врши надворешна ревизија;

5) процена за цели на финансиско известување и

6) други активности пропишани со актите на Институтот.

V. СТАНДАРДИ ЗА РЕВИЗИЈА И РЕВИЗОРСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ

Обврска за примена на ревизорските стандарди

Член 32

(1) Ревизијата се врши во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија на IFAC објавени во "Службен весник на Република Македонија" што се ажурираат на годишна основа заради усогласување со тековните стандарди онака како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC).

(2) Овластениот ревизор е одговорен за добивање разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

(3) Извештајот на независниот ревизор го потпишува овластениот ревизор - трговец поединец кој ја извршил ревизијата. Во случај кога ревизијата е извршена од страна на друштво за ревизија, во име на друштвото за ревизија извештајот на независниот ревизор го потпишуваат еден овластен ревизор вработен во друштвото за ревизија и застапникот на друштвото за ревизија.

Законска ревизија на годишни или консолидирани сметки и финансиски извештаи

Член 33

(1) Законска ревизија на годишната сметка и/или финансиските извештаи или на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на субјектот на ревизија врши друштво за ревизија или овластен ревизор -трговец поединец.

(2) При вршење на законската ревизија овластениот ревизор во секое разумно време има право на пристап до трговските книги и сметководствените документи на субјектот на ревизија, и има право од членовите на управителот или органот на управување на субјектот на ревизија, од вработените или од субјектите кои се во договорни односи со субјектот на ревизија да бара информации и објаснувања кои се во нивна контрола или знаења кое тие можат да ги стекнат, а коишто овластениот ревизор смета дека се неопходни за извршување на неговите задачи.

(3) Субјектот кај кој се врши ревизија не смее да го ограничи пристапот до потребната документација од ставот (2) на овој член, или да му обезбеди информации кои се лажни или упатуваат на погрешни заклучоци.

(4) Овластениот ревизор, исто така, треба да изрази мислење дека годишниот извештај односно консолидираниот годишен извештај е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи односно со консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за истата деловна година.

(5) Овластениот ревизор за извршената ревизија на годишната сметка, финансиските извештаи, консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи поднесува ревизорски извештај до акционерите или содружниците на субјектот.

(6) Ревизорскиот извештај се разгледува на годишно собрание на субјектот на ревизија и е достапен за контрола и прашања од било кој акционер или содружник.

(7) Целокупната документација од извршената ревизија, ревизорот е должен да ја чува во период од најмалку седум години од датумот на издавање на извештајот на ревизорот.

(8) При ревизија на консолидирани финансиските извештаи на ниво на група, групниот ревизор:

1) врши преглед и ја чува документацијата од ревизијата вршена од овластениот ревизор, друштво за ревизија или овластениот ревизор-трговец поединец и

2) ја носи целата одговорност за ревизорскиот извештај од извршената ревизија на консолидираните финансиски извештаи.

Содржина на извештајот на овластениот ревизор

Член 34

(1) Извештајот на овластените ревизори содржи:

а) вовед, кој ги идентификува годишната сметка и финансиски извештаи односно консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи и рамката за финансиско известување која се применува во нивната подготовка;

б) опис на делокругот на ревизијата, кој ги идентификува ревизорските стандарди во согласност со кои ревизијата е извршена;

в) ревизорско мислење, во кое јасно е наведено мислењето на овластениот ревизор за тоа дали годишната сметка и финансиските извештаи, односно консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи, даваат вистинска и објективна слика во согласност со рамката за финансиско известување и дали истите се во согласност со законските барања и прописи. Ревизорското мислење може да биде мислење без резерва, мислење со резерва, неповолно мислење, или воздржување од мислење доколку овластениот ревизор не е во состојба да го изрази своето ревизорско мислење;

г) упатување на кои било прашања на кои овластениот ревизор укажал без да го квалификува ревизорското мислење и

д) мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа на субјектот на ревизија со годишната сметка и финансиските извештаи, односно на консолидираниот годишен извештај за работа на субјектот на ревизија со консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за истата деловна година.

(2) Ревизорскиот извештај го потпишува овластениот ревизор кој што ја вршел ревизијата.

Извештај за транспарентност

Член 35

(1) Друштвото за ревизија или овластениот ревизор - трговец поединец е должен да го достави до Советот и објави годишниот извештај за транспарентност најмалку во едно јавно гласило или на својата веб страница, во рок од три месеци од крајот на финансиската година и истиот содржи:

а) опис на правната структура и сопственост на друштвото за ревизија;

б) опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа;

в) опис на управувачката структура на друштвото за ревизија;

г) опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем;

д) датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно со членот 20-а од овој закон;

ѓ) список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година;

е) изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени;

ж) изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија односно овластениот ревизор - трговец поединец за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година;

з) финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци, расчленет на четири категории: од услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги и

ѕ) информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор.

(2) Извештајот за транспарентност го потпишува застапникот на друштвото за ревизија односно овластениот ревизор -трговец поединец.

Надоместок за ревизија

Член 36

(1) Надоместокот за законска ревизија не може да биде под влијание на/или заснован врз одредбите за обезбедување на дополнителни услуги на субјектот на ревизија.

(2) Надоместокот за законска ревизија треба да биде јасно определен во договорот за ревизија.

Доверливост и замена на ревизор

Член 37

(1) Овластениот ревизор, друштвото за ревизија односно овластениот ревизор-трговец поединец треба да ја почитува доверливоста на информациите добиени како резултат на професионални и деловни односи и не треба да ги разоткрива информациите за трети лица без соодветно и посебно одобрение, освен ако има законско или професионално право или обврска да ги обелодени.

(2) Кога друштвото за ревизија, овластениот ревизор-трговец поединец или овластениот ревизор се заменува, претходното друштвото за ревизија, овластениот ревизор - трговец поединец или овластениот ревизор треба да му обезбеди пристап до сите релевантни информации на новоназначеното друштво за ревизија, овластениот ревизор-трговец поединец или овластениот ревизор во врска со субјектот на ревизијата.

(3) На претходното друштвото за ревизија, овластениот ревизор-трговец поединец или овластениот ревизор на кои им престанал ревизорскиот ангажман, се применува одредбата на ставот (1) од овој член, во однос на тој ангажман.

(4) Сопствениците и членовите на органот за управување на субјектот на ревизија треба да имаат заемна обврска да обезбедат информации, по барање на овластените ревизори и на Институтот.

(5) Институтот и Советот треба да бидат уверени дека постојат објективни причини за отповикување или повлекување на друштвата за ревизија, овластените ревизори-трговци поединци или овластените ревизори во текот на нивниот ангажман.

(6) Институтот треба да биде известен за секое отповикување или повлекување на друштвото за ревизија, овластените ревизори-трговци поединци или овластени ревизори за време на нивниот ангажман кој вклучува законска ревизија. Доколку субјектот на ревизија е правно лице од јавен интерес, вакво известување ревизорот мора да достави и до Советот.

(7) Друштвото за ревизија, овластениот ревизор-трговец поединец или овластениот ревизор може да бидат отповикани или да се повлечат за времето додека вршат законска ревизија, но само доколку за тоа постојат објективни причини и објаснувања. Различните мислења за спроведените сметководствени и/или ревизорски постапки и процедури не се сметаат за објективни причини за отповикување или повлекување.

(8) Друштвото за ревизија, овластениот ревизор-трговец поединец или овластениот ревизор кое е отповикано или се повлекло е должно да го извести Институтот во рок од 3 дена од отповикувањето или повлекувањето заедно со објаснување на причините за отповикувањето или повлекувањето. Доколку субјектот на ревизија е правно лице од јавен интерес, вакво известувањето се доставува и до Советот.

Собранија на акционери или содружници

Член 38

Овластените ревизори на субјектот за ревизија, имаат право да присуствуваат на секое собрание на субјектот и да ги добиваат сите известувања или други дописи поврзани со него, кои имаат право да ги добиваат сите акционери или содружници, да се обратат на кое било собрание на кое присуствуваат во однос на кој било дел од дневниот ред на собранието кој нив ги засега како овластени ревизори.

VI. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ЗАКОНСКА РЕВИЗИЈА НА ПРАВНИ ЛИЦА ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Член 39

(1) Правните лица од јавен интерес се должни да формираат одбор за ревизија.

(2) Одборот за ревизија го сочинуваат најмалку три члена.

(3) Одборот за ревизија може да го сочинуваат:

1) сите членови на надзорниот одбор, односно на одборот на директори, или

2) дел од членовите на надзорниот одбор, односно на одборот на директори, при што мнозинството од нив мора да бидат независни членови, или

3) лица избрани од страна на собирот на содружници или собранието на правното лице, при што мнозинството членови на одборот за ревизија мора да бидат независни членови, или

4) лица избрани од страна на надзорниот одбор на правното лице при што мнозинството членови на одборот за ревизија мора да бидат независни членови.

(4) Членовите на одборот за ревизија избираат претседател од редот на независните членови на одборот. Најмалку еден член на одборот за ревизија мора да има познавања од сметководството и/или ревизијата. Членовите на одборот за ревизија како целина мора да имаат познавања (компетенции) релевантни за секторот во кој работи правното лице.

(5) Одборот за ревизија ги врши особено следниве работи:

- ја следи законската ревизија на финансиските извештаи,
- ја следи усогласеноста на работењето на правното лице од јавен интерес со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи,
- го следи процесот на ревизија на правното лице од јавен интерес и ја оценува работата на друштвото за ревизија или на овластениот ревизор - трговец поединец,
- предлага друштвото за ревизија и
- ја следи работата и ја оценува ефикасноста на внатрешната ревизија и системите на управување со ризик.

(6) Друштвата за ревизија кои вршат законска ревизија на правни лица од јавен интерес се должни да достават писмена изјава до одборот за ревизија на субјектот за ревизија во која:

а) друштвото за ревизија ја потврдува својата независност од правното лице од јавен интерес кое е предмет на ревизија;

б) друштвото за ревизија ги обелоденува сите дополнителни неревизорски услуги кои ги обезбедува на правното лице од јавен интерес покрај законската ревизија и

в) друштвото за ревизија заедно со одборот за ревизија ги разгледуваат заканите за независност на законскиот ревизор, како и заштитните механизми од тие закани.

(7) Друштвата за ревизија наведени во ставот (5) од овој член го известуваат одборот за ревизија за клучните прашања кои произлегуваат од законската ревизија, со посебен акцент на прашањата поврзани со материјалната слабост на внатрешната контрола на правното лице од јавен интерес, во однос на финансиското известување.

Член 40

(1) Овластен ревизор може да врши законска ревизија на финансиски извештаи на правно лице од јавен интерес во период од најмногу седум последователни финансиски години. После овој период лиценцираниот овластен ревизор не може да врши ревизија на финансиските извештаи на истото правно лице од јавен интерес во времетраење од две години од датумот на престанување на неговиот мандат.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член се однесуваат на лиценциран овластен ревизор кој е индивидуално одговорен за извршување на законска ревизија на финансиски извештаи на правно лице од јавен интерес, доколку договорот за вршење на законски ревизии на предметното правно лице од јавен интерес е склучен од страна на друштво за ревизија.

(3) Овластениот ревизор од ставовите (1) и (2) на овој член не може да биде член на административен или управувачки орган на предметното правно лице од јавен интерес, во времетраење од две години од датумот на истекување на неговиот мандат.

Член 41

Во одредени закони и регулативи кои се однесуваат на правно лице од јавен интерес може да постојат построги одредби од одредбите пропишани со овој закон, во однос на овластените ревизори и друштвата за ревизија кои се ангажирани за вршење на законски ревизии на правно лице од јавен интерес.

VII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 42

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за друштво за ревизија микро трговец, од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за друштво за ревизија мал трговец, од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за друштво за ревизија среден трговец и од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност за друштвото за ревизија голем трговец ќе му се изрече за прекршок на правно лице ако:

1) врши законски или договорни ревизии, а не е лиценциран ревизор и не е член на Институтот (член 23);

2) не го објави годишниот извештај за транспарентност (член 35) и

3) не ги применува Меѓународните стандарди за ревизија на IFAC (член 32).

(2) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на овластениот ревизор-трговец поединец за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) Покрај глобата од ставот (2) на овој член на овластениот ревизор-трговец поединец ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење до една година..

(4) Покрај глобата од ставот (1) на овој член на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење до две години.

(5) Во случај кога прекршокот од ставот (1) на овој член е сторен од користољубие или со прекршокот е предизвикана поголема имотна штета на правното лице ќе му се изрече глоба до двојниот износ од ставот (1) на овој член или во сразмер со висината на причинетата или прибавената имотна корист..

(6) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(7) Покрај глобата од ставот (6) на овој член на одговорното лице кај правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење до една година.

Членот 43 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија ("Службен весник на РМ" бр.145/15)

Член 43-а

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за друштво за ревизија микро трговец, од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за друштво за ревизија мал трговец, од 3.000 до 6.000 евра во денарска

противвредност за друштво за ревизија среден трговец и од 7.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за друштво за ревизија голем трговец ќе се изрече за прекршок на правно лице кое потпишало неточен или некомплетен извештај, односно извештај што предизвикува заблуда и со тоа предизвикало штета на трети лица.

(2) Покрај глобата од ставот (1) на овој член на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење до две години.

(3) Во случај кога прекршокот од ставот (1) на овој член е сторен од користољубие или со прекршокот е предизвикана поголема имотна штета на правното лице ќе му се изрече глоба до двојниот износ од ставот (1) на овој член или во сразмер со висината на причинетата или прибавената имотна корист.

(4) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на овластен ревизор-трговец поединец кое потпишало неточен или некомплетен извештај, односно извештај што предизвикува заблуда и со тоа предизвикало штета на трети лица.

(5) Покрај глобата од ставот (4) на овој член на овластениот ревизор-трговец поединец ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење до една година.

(6) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(7) Покрај глобата од ставот (6) на овој член на одговорното лице кај правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење до една година.

Членовите 43-б, 43-в и 43-г се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија ("Службен весник на РМ" бр.83/18)

Член 44

Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластениот ревизор, ако:

1) врши законски или договорни ревизии, а не е овластениот ревизор и не е член на Институтот (член 23);

2) не ги применува Меѓународните стандарди за ревизија на IFAC (член 32) и

3) не обезбеди доверливост на податоците и сознанијата во вршењето на ревизијата (член 37).

Членовите 44-а и 44-б се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија ("Службен весник на РМ" бр.83/18)

Член 44 - в

(1) Глоба во износ од 8.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на Институтот ако:

1) не издаде уверение за ревизор согласно член 27 став (3) од овој закон;

2) не го достави до Советот извештајот согласно член 20-а став став (5) од овој закон;

3)Управниот одбор на Институтот не одлучи во рокот од член 20-а став (4) на овој закон;

4) донесе акти без согласност од Советот согласно член 19 став (2) од овој закон;

5) не го извести Советот за неисполнување на условите за добивање на лиценца согласно член 19-а став (7) од овој закон;

6) не го објави извештајот согласно со членот 19-а став (8) од овој закон;

7) назначи лице за контрола без согласност од претседателот на Советот согласно член 20 став (4) од овој закон;

8) не ги објави и не ги евидентира дисциплинските мерки согласно челн 22 став (5) на овој закон;

9) не го извести Советот за изречените дисциплински мерки согласно член 22 став (6) овој закон;

10) не ги избрише дисциплинските мерки согласно членовите 22-а став (2), 22-б став (2), 22-в став (2), 22-д став (2), 22-ѓ став (2); и

11) не ги води регистрите согласно член 30 од овој закон.

(2) За прекршоците од став (1) на овој член глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на Претседателот на Институтот.

(3) Покрај глобата од ставот (2) на овој член на претседателот на Институтот ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење до една година.

Член 44 - г

(1) За сторениот прекршок од членот 44-в од овој закон, овластеното лице од страна на претседателот на Советот (во натамошниот текст: овластено службено лице), при констатирање на прекршокот е должно пред да го поднесе барањето за поведување на прекршочна постапка да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(2) Овластените службени лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(3) Личните податоци од евиденцијата од ставот (2) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(4) Советот ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 44 - д

(1) Член на прекршочната комисија може да се разреши:

1) со истекот на времето за кое е именуван за член;

2) по негово барање;

3) со исполнување на услови за старосна пензија во согласност со закон;

4) ако му се утврди трајна неспособност;

5) ако со правосилна одлука се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочната постапка;

6) ако не ги исполнува обврските кои произлегуваат од работењето во прекршочната комисија или;

7) ако не пријавил постоење на конфликт на интереси за случаи за кои решава прекршочната комисија.

(2) Предлогот за разрешување на член на прекршочната комисија се поднесува до Советот.

(3) Членовите на прекршочната комисија се самостојни и независни во работењето и одлучуваат врз основа на своето стручно знаење и самостојно убедување.

(4) Одлуката на прекршочната комисија се смета за донесена кога за неа гласале мнозинството членови на прекршочната комисија.

Член 44-ѓ

Одмерувањето на висината на глобата се врши согласно Законот за прекршоците.

Член 44-е

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице од Советот ако:

1) не издаде лиценца за овластен ревизор во рокот утврден во членот 23 став (8);

2) не издаде лиценца за работа на друштво за ревизија во рокот утврден во членот 24 став (9) и

3) не издаде лиценца за работа на овластен ревизор трговец-поединец во рокот утврден во членот 25 став (10).

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице, ако во рокот утврден во членовите 23 став (5), 24 став (4) и 25 став (6) од овој закон не ги побара потребните документи.

(3) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице во институцијата, ако во рокот утврден во членовите 23 став (6), 24 став (5) и 25 став (7) од овој закон не ги достави бараните документи.

Член 45

За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 46

(1) Советот започнува со работа со именување на претседателот и членовите на Советот од страна на Владата на Република Македонија, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До започнување со работа на Советот, Министерството за финансии ги врши работите од надлежност на Советот.

Член 47

Институтот за овластени ревизори продолжува да ги врши работите од својата надлежност согласно со овој закон.

Член 48

Друштвата за ревизија и овластениот ревизор - трговец поединец должни се да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 49

На барање на лицата кои стекнале уверение за овластен ревизор до влегувањето во сила на овој закон, Советот им издава лиценца за овластен ревизор.

Член 50

Постапките за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен ревизор и за добивање дозвола за работа на друштва за ревизија и овластен ревизор - трговец поединец, ќе се вршат според прописите кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон, но најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 51

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за ревизија ("Службен весник на Република Македонија" број 79/2005 и 103/2008).

Член 52

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБА од Законот за дополнување на Законот за ревизија
"Службен весник на РМ" бр.135/11

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СО ОДЛУКА од Уставниот суд на РМ, У. бр. 209/2011
("Службен весник на Република Македонија" бр.50/12):

1. СЕ УКИНУВА членот 27 став 1 точка 3 од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/2010 и 135/2011).
2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување
на Законот за ревизија
"Службен весник на РМ" бр.188/13

Член 4

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит се воспоставува во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Започнатите постапки за полагање на стручниот испит до денот на започнувањето на примената на одредбите за полагање на испитот согласно со овој закон, ќе завршат според одредбите на прописите по кои започнале.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а членовите 1, 2 и 3 ќе започнат да се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

ОДРЕДБИ од Законот за дополнување на Законот за ревизија "Службен весник на РМ" бр.43/14

Член 5

Претседателот и членовите на Советот именувани до денот на започнувањето на примената на членот 3 од овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

Член 6

Одредбите од членот 3 од овој закон ќе започнат да се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", освен одредбите од членот 4 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од денот на примената на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14).

ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија "Службен весник на РМ" бр.138/14

Член 41

(1) Советот ќе го пропише начинот на утврдување на повредите и мерките од овој закон, начинот на забележување на забелешката за неактивност, формата и содржината на барањето за бришење на забелешката за неактивност, формата и содржината на образецот на барањето за лиценца за овластен ревизор, лиценца за работа на друштво за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор – трговец поединец и ќе ги донесе процедурите за соработка и размена на податоци со Институтот во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Комисијата од член 44-г став (2) на овој закон, Советот ќе ја формира во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Институтот ќе ги донесе Тарифникот за висината на чланаринатa и надоместоците што ги наплатува и Правилникот за содржина на Регистарот на ревизори, Регистарот на овластени ревизори, Регистарот на друштва за ревизија, Регистарот на овластени ревизори – трговци поединци и Регистарот на трајно одземени лиценци во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(4) Институтот ќе ја донесе Програмата за обука што треба да ја поминат лицата кои ќе вршат контрола на квалитет во рок од две години од влегувањето во сила на овој закон.

Член 42

(1) Ревизорите, овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци се должни до Институтот да ги достават податоците што се внесуваат во соодветните регистри согласно член 30 од овој закон во рок од два месеци од влегување то во сила на овој закон.

(2) Овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци кои нема да постапат согласно став (1) на овој член Институтот ќе ги избрише од соодветниот регистар и во рок од два работни дена за тоа ќе го извести Советот кој ќе ја одземе лиценцата на овластениот ревизор, друштвото за ревизија и овластениот ревизор – трговец поединец кој е избришан од соодветниот регистар.

(3) Друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци се должни до Советот да ги достават доказите од членовите 24 став (3) точки 1, 2, 4, 5 и 6 и 25 став (5) точки 3, 4, 5 и 6 на овој закон во рок од два месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(4) На друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци кои нема да постапат согласно став (3) на овој член, Советот ќе им ги одземе лиценците и во рок од два работни дена за тоа ќе го извести Институтот за да ги избрише од соодветниот регистар.

Член 43

(1) Одредбата од член 16 на овој закон ќе започне да се применува три години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До влегувањето во сила на став (1) од овој член, контролата на квалитет ќе ја вршат лица вработени во Институтот.

Член 44

Одредбите од членовите 24 став (1) точка 4) и 25 став (2) точка 3) ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2015 година.

Член 45

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за ревизија.

Член 46

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБА од Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија "Службен весник на РМ" бр.145/15

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБА од Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија "Службен весник на РМ" бр.192/15

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија "Службен весник на РМ" бр.23/16

Член 11

Започнатите постапки до денот на започнувањето со примена на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 12

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 13

Одредбите од членовите 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 од овој закон се применуваат со започнување на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија "Службен весник на РМ" бр.83/18

Член 21

Одредбите на членот 5 од овој закон со кои се менува членот 20 став (2) точка 2) ќе започнат да се применуваат две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 22

Одредбите на членот 10 став (1) алинеја 5 од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" број 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15 и 23/16) и одредбите на членот 3 од овој закон со кој членот 10 став (1) алинеја 5 се дополнува со нова точка 6), нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Член 23

Претседателот и членовите на Советот кои се именувани во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, се должни да го исполнат условот за активно познавање на англиски јазик најдоцна во рок од една година од денот на нивното именување.

На претседателот и членовите на Советот кои нема да го исполнат условот за активно познавање на англиски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член им престанува мандатот.

Член 24

Правните лица од јавен интерес се должни да се усогласат со одредбите на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 25

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 26

Започнатите постапки за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" број 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15 и 23/16).

Член 27

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија "Службен весник на РСМ" бр.122/21

Член 9

Подзаконскиот акт предвиден во овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 10

Започнатите прекршочни постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" број 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18).

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

ОДРЕДБА од Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија "Службен весник на РСМ" бр.148/26

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".